**ЗАПИСНИК**
**од 12–та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 28.04.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, д-р Милаим Фетаи, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: Маја Дамевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 10:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Фетаи побара збор и рече дека ја информирал Агенцијата со допис во поглед на престанок на неговиот мандат како член на Совет, што допрва по сила на Закон ќе следи. На оваа седница ќе ја објави и неговата оставка како заменик на претседател на Советот на АВМУ, функција која ја има добиено врз основа на мнозинството гласови од членовите на Советот. Од таа позиција сака неотповикливо да се повлече и на оваа седница неговото присуство да биде забележано како член на Советот, а не како заменик на претседател, што во суштина не менува ништо. Не е сигурен дали правно е потребно само да се констатира или треба да се гласа по неговиот предлог – неотповиклива оставка како заменик на претседател на Советот на АВМУ.

Г-дин Трајчевски рече дека според него доколку г-дин Фетаи дава неотповиклива оставка тогаш во тој случај не би требало да се гласа за усвојување, бидејќи тоа е негов личен чин.

Г-дин Петрушевски рече дека во овој случај Советот само ќе ја констатира оставката, исто како во Собрание на РСМ што се констатира, и од овој момент тој веќе не е на позицијата заменик на претседател на Советот на АВМУ. Во таа насока од името на сите членови му се заблагодари за работата во Советот во мандатот од скоро 7 години. Посочи дека неговото искуство и стручност им беа од големо значење на сите и во иднина му посака успех во животот и во работата на новата функција како амбасадор на РСМ во Република Хрватска.

Г-дин Ајдини лично му се заблагодари на идниот амбасадор г-дин Фетаи за досегашната соработка. За него мошне важно било неговото знаење и искуство, и не само во сферата на радиодифузната дејност. Во оваа прилика му посака здравје и успех во работата како амбасадор на РСМ во Република Хрватска.

Г-дин Трајчев се приклучи кон честитките на г-дин Фетаи за новата функција како амбасадор на РСМ во Република Хрватска и му се заблагодари за досегашната работа. Наведе дека во работата бил кооперативен, конструктивен и досега сите работи што беа во Советот биле со една аргументација и дебати од сите членови, бил активен и смета дека придонел за работата на Советот во Агенцијата. Му посака добро здравје и голем успех во новата функција како амбасадор на РСМ во Република Хрватска. Со оглед на фактот дека г-дин Фетаи поднел оставка од местото заменик на претседател на Советот на Агенцијата, рече дека сега Советот треба да размисли за избор на нов заменик на претседател како процедурална активност или на оваа седница или на некоја следна и побара г-дин Петрушевски сам да процени.

Г-дин Фиданоски се придружи кон честитките за новата функција на г-дин Фетаи како амбасадор на РСМ во Република Хрватска. Му било задоволство да соработува целиот изминат период како колеги во Советот. Произлегле многу дискусии формални и неформални, некогаш имале различни мислења по одредени прашања, но како што рече тоа е богатство на демократијата и дебатата. Според него г-дин Фетаи со неговата работа имал значаен удел во Советот. Му посака добро здравје и знае дека достоинствено ќе ја преставува нашата држава како амбасадор на РСМ во Република Хрватска. Во врска со предлогот што го кажал г-дин Трајчев, рече дека се согласува дека треба да се направи избор на нов заменик на претседател на Советот, како ќе процени г-дин Петрушевски дали денес или на друга седница. Додаде дека според него на таа позиција треба да биде избран член на Советот кој условно речено припаѓа на немнозинските заедници во државата.

Г-дин Фетаи рече дека после искажаните убави зборови ќе даде еден проштален говор. Наведе дека ова му е последна седница на која сите заедно службено се присутни како дел од АВМУ. Нема дилеми дека членувањето во Агенцијата како заменик претседател на Советот и неговото присуство веќе 10 години, беше едно големо искуство, богатство, задоволство, еден дел од неговиот живот кој го смета за многу значаен и интересен. Во секој аспект од професионалното работење се збогатил со нив разменувајќи разни мислења, сите заедно биле во една позиција и состојба во која сакале да го имплементираат Законот, да ја збогатат државата и целото општество со она што било нивна обврска како членови на Советот. Му останува чувството и спомените за еден период поврзан со сите нив без оглед на обврските што ги имале и смета дека биле еден убав тим, добар, координиран со сето она богатство што го има и државата. Се заблагодари на сите за меѓусебната соработка и рече дека и покрај неговото заминување во Република Хрватска како амбасадор, пријателските односи и понатаму ќе ги одржува, ќе се обиде да бидат во контакт и секој од нив е добредојден да го посетат во следните 4 години. Со задоволство ќе евоцираат спомени од заедничката работа во Советот на Агенцијата. Уште еднаш се заблагодари и рече дека му било чест што работел во Советот и Агенцијата.

Г-дин Трајчевски рече дека неговите честитки до г-дин Фетаи директно и лично ќе ги упати во 14 часот.

Г-дин Петрушевски во однос на дискусиите на г-дин Трајчев и г-дин Фиданоски рече дека знаат дека е ставена точка во Собрание за избор на нови членови на Советот на Агенцијата и уште не е изгласана. Во идеални услови во поглед на избор на нови членови тоа би се случило за 2 месеци. Но, се сеќаваат дека минатиот пат во декември 2019 година веќе беше изгласана одлука на Собрание, а сега сè уште не е изгласана и дека на тој конкурс од јануари 2020 година сè уште никој не е избран. Во таа насока рече дека не може да прогнозираат дали изборот ќе се случи за 2 месеци или ќе се пролонгира за уште една година. Во секој случај Советот на Агенцијата треба да има заменик на претседател, таа е функција што е потребна за закажување на седници и доколку ја нема би требало тројца членови на Советот да предложат и тие да се договараат кога ќе има седница, во случај тој како претседател на Советот да биде спречен. Затоа рече дека го прифаќа предлогот од колегите и предложи во Дневниот ред да се додаде како Точка бр.3 „Избор на заменик на претседател на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги", а точките од 3 до 7 редоследно да се поместат надолу за еден број погоре.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе даде една мала корекција на дискусијата на г-дин Петрушевски затоа што конкурсот за избор на нови членови на Советот на Агенцијата бил во 2019 година, а не во 2020 година.

Г-дин Петрушевски се заблагодари за корекцијата и рече дека изминатото време за избор на нови членови е уште поголемо и ако се оди по оваа логика тогаш временски од 2 месеци до 2 години може да се движи изборот на нови членови

Советот на Агенцијата, со додадена Точка 3, едногласно го усвои следниот дополнет:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.04.2021 година.
2. Предлог за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Предлог-правилници.
3. Избор на заменик на претседател на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
4. Предлог за давање одобрување за донесување Решенија за трансформација на работен однос на 4 (четворица) вработени во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Предлог – решенија и Предлог – договори.
5. Предлог за распишување на јавен оглас за засновање на работен однос и спроведување на постапка за вработување на 1 (еден) извршител, на неопределено време, со предлог-одлука и предлог-јавен оглас.
6. Предлог за изрекување мерка на АЛТРА-САТ 2000 од Охрид за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

7. Предлог за изрекување мерка на ПЕТ НЕТ од Гевгелија за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.04.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ги образложи Предлозите за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Предлог-правилници. Објасни дека со измената на систематизацијата се предвидува рационализација на секторите, зголемување на ефикасноста и истовремено усогласување со Законот за употреба на јазиците и отворање на можност за унапредување на одреден број на вработени кои во овој момент ја немаат таа можност бидејќи не беа предвидени такви работни места со повисоки позиции. Она што може да се види од доставените материјали, во Секторот за програмски работи каде што се зголемува бројот на извршители или во Секторот за информатички технологии, не се однесува на зголемување на број на вработени туку отворање можност за унапредување на вработените кои што изминатите години позитивно се покажале во функционирањето на Агенцијата. Исто така се предвидува спојување на Секторот за правни работи и Службата за јавни набавки со цел зголемување на ефикасноста бидејќи изминатите години во Секторот за правни работи постојано имаше ангажирано и вработени на определено време и вработени преку Агенција за времени вработувања, потоа дополнително ангажирање на адвокатска канцеларија. Но, за време на изборен процес, а во нашата држава секоја година има изборен процес, и траат три месеци, а понекогаш како во 2015-та и 2016-та и повеќе од 100 дена, Службата за јавни набавки не функционира бидејќи во тој период не се спроведуваат јавни набавки. Службата за јавни набавки брои тројца правници кои би можеле многу да придонесат во функционирање на Секторот за правни работи. Во таа насока рече дека се предлага Секторот за правни работи и Службата за јавни набавки да се спојат во еден сектор. Објасни дека тоа се суштинските измени кои се предлагаат во правилниците.

Г-дин Трајчев информира дека минатата недела добил телефонски повик од раководителката на Секторот за правни работи, но бидејќи не бил во нашата држава не стапил во комуникација. Потоа по електронска пошта раководителката на Секторот за правни работи му доставила образложение и аргументи со што на некој начин се објаснува зошто Секторот за правни работи и Службата за јавни набавки не треба да се спојат во еден сектор. Во таа насока рече дека е коректно да и се даде збор на раководителката и да го објасни тоа на членовите на Советот за да го имаат предвид она што тој го има добиено како образложение.

Г-дин Петрушевски рече дека согласно Законот и Деловникот за работа право на збор на седницата има директорот на Агенцијата или кој тој ќе овласти. Од таа причина рече дека не би се мешал во неговата работа и негова е одлуката дали ќе дозволи вработените да се јават за одредена точка.

Г-дин Трајчевски објасни дека сите раководители на сектори биле вклучени во процесот на давање предлози и притоа имаше предлози од други сектори кои не беа прифатени. Ваквото искуство да се вклучуваат само одредени раководители наидува на негативни последици во понатамошното функционирање на Агенцијата. Потсети дека вакво барање имаше и во постапката на истиот раководител во ноември 2020 година од г-дин Трајчев и на уште еден член на Советот кое што сега се користи во судска постапка дека таа била обесправена, односно не ѝ било дозволено да биде вклучена, а ѝ било дозволено да се вклучи претседателот на комисијата. Забелешките ги даваат вработените, одговорноста ја има директорот на Агенцијата и тој како одговорно лице пред Законот ја предлага оваа измена на систематизација. А комуникацијата помеѓу членовите на Советот и вработените во стручната служба е начин на комуникација и доколку смета дека би му помогнале при одлучувањето може да ги користи.

Г-дин Фиданоски рече дека пред нив се точки за расправа и дебата кој согласно Законот се во делокругот на работа на директорот, членот 20 од ЗААВМУ. Несомнено е дека организацијата на работа и раководењето со работата на Агенцијата според ставот 1 и неколку алинеи поконкретно се во негова надлежност. Меѓу другото тој има право да ја предлага систематизацијата онака како што тој смета дека треба најефикасно да функционира Агенцијата како институција. Не е спорно, аргументите кои се наведени во предлогот за седница ги прифаќа дека се оправдани. Станува збор за зголемен обем на работа кај делот што се однесува на медиумска писменост, културен идентитет, родовите политики и слично. Несомнена е обврската што ја има Агенцијата како институција околу имплементација на Законот за употреба на јазиците и тука има потреба од проширена активност која што ќе значи можност за колегите во Советот да го искористат тоа право што им следува по Закон и апсолутно верува дека во догледно време тоа ќе профункционира. Рече дека секогаш имал принципиелни ставови и дискусии и ќе ги каже и сега. Не сака да биде сфатен опортуно дека настапува меѓутоа има дилема затоа што и тој има информација дека има допис од вработените во Секторот за правни работи потпишан, едно е вербален муабет друго е потпишан допис во кој што колку што му е познато се бара одложување на оваа систематизација. Сигурно нема да каже дека тоа треба да се направи затоа што не е негово право, тоа право е на одговорното лице во Агенцијата, меѓутоа сугерира да се земат предвид аргументите пред сè заради тоа што смета дека во една институција или правно лице за да функционира работата како што треба меѓу другото покрај професионализмот и одговорниот однос потребно е да владеат и коректни меѓусебни човечки односи. Не би сакал да предвиди дека ова или нешто друго може да биде причина за да се внесе условно речено лоша атмосфера во работата која сама по себе би предизвикала можеби и други несакани ефекти во вкупното работење. Од тие причини сугерира дека можеби тој допис би требало да се земе предвид при донесувањето на ваквата одлука. Потенцира како и на почетокот на дискусијата дека не е негово право да одлучи, тоа е право на директорот како ќе ја направи систематизацијата, ова е само негова сугестија.

Г-дин Петрушевски рече дека неговиот став е едноставен, според член 20 од ЗААВМУ директорот ја организира и раководи со работата на Агенцијата, одговорен е за законито работење на Агенцијата и покрај тоа ги има надлежностите да ги предлага општите акти на Агенцијата меѓу кои спаѓаат и Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација, одлучува за вработување и распоредување на вработените во Стручната служба на Агенцијата. Тој е редовно вработен и со нив е скоро 7 години секој ден. Членовите на Советот не се присутни во Агенцијата иако имаат контакти со вработените, но не во таа мера како директорот и нивната одговорност во поглед на вработените е многу помала од неговата. Членовите на Советот се да спречат ако нешто е незаконито, ги потврдуваат неговите предлози и ги носат. Во таа насока рече дека ќе му даде доверба на директорот и за предложените правилници ќе гласа „за“.

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Трајчев донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Трајчев донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Горенаведените правилници да се објават на огласната табла и на веб страницата на Агенцијата .

Секторот за правни работи да изработи пречистен текст на правилниците.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски во врска со предложената точка Избор на заменик на претседател на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, рече дека со сета почит кон останатите членови на Советот лично би му дал предност на г-дин Фетаи доколку сака тој да даде предлог за заменик на претседател на Советот.

Г-дин Фетаи се заблагодари за можноста. Напомена дека претседателот на Советот и неговиот заменик се првите луѓе меѓу еднаквите. Седумте члена на Советот се еднакви меѓу себе но предвидено е дека некој мора да ги води седниците. Со оглед на сето тоа нема дилеми дека секој од колегите и колешката Машовиќ таа позиција ќе ја раководи. Пред сѐ како што рече бидејќи г-дин Петрушевски е толку прецизен во водење на седниците и нема да има многу работа како што беше и со него како заменик претседател освен во периодот кога по „vis major“, по виша сила, г-дин Петрушевски не бил во можност и тој ги водел тие седници. Заменик претседателот ќе биде една законска обврска предвидена во Агенцијата и со оглед дека мора да се одлучи за еден од колегите како предлог, она што во дискусијата го кажал г-дин Фиданоски би било како некое правило да биде од заедниците кои не се мнозинство. Во таа насока рече дека остануваат во комбинација г-ѓа Машовиќ и г-дин Ајдини. Со оглед дека г-ѓа Машовиќ има помалку време со оглед на обврските што ги има со ќерките, и со оглед дека му се чини дека повеќе амбиции во кариерата има г-дин Ајдини, предложи заменик претседател на Советот да биде г-дин Ајдини. Напомена дека и г-ѓа Машовиќ би била исто така многу добра во извршување на оваа функција и би имало соодветна родова застапеност. Во таа насока рече со дозвола на г-ѓа Машовиќ ќе го предложи г-дин Ајдини.

Г-ѓа Машовиќ рече со сета почит на предлогот на г-дин Фетаи, целата и комплетна поддршка ја дава за г-дин Ајдини.

Г-дин Петрушевски се заблагодари за доставениот предлог и отвори дискусија и можност за други предлози.

Советот на Агенцијата согласно член 12 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), за заменик на претседател на Советот едногласно го избра - Селвер Ајдини.

Г-дин Петрушевски по гласањето му честита на г-дин Ајдини и рече дека не може да каже колку време ќе соработуваат, но колку и да остане како и досега коректно ќе соработуваат.

Г-дин Ајдини се заблагодари за искажаната доверба. Се согласува на тоа што го кажал г-дин Фетаи дека тој е еден меѓу еднаквите и како и секој од членовите на Советот еднакво добро ќе може да ја врши оваа должност со сета одговорност. Не верувал дека некогаш ќе гласа сам за себе, но и тоа се случило.

Г-дин Фиданоски му честита за изборот на г-дин Ајдини за новата функција заменик на претседател на Советот, му посака успешна работа и соработка со колегите во што не се сомнева.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски во врска со предложената точка објасни дека го прочитал материјалот и рече дека поголем дел од вработените кои се предложени повеќе години ги познава, а со двајца од нив бил и на службено патување во Атина, Грција и имал можност подобро да ги запознае. Станува збор за луѓе кои повеќе години работат во Агенцијата и бидејќи сега се предложени верува дека ги задоволиле стручните критериуми на Агенцијата.

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување Решенија за трансформација на работен однос на 4 (четворица) вработени во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Предлог – решенија и Предлог – договори. Објасни дека согласно ЗААВМУ и сите негови измени кои се направени и Законот за работни односи предлага за четворицата вработени кои долг период се ангажирани во Агенцијата со договори на определено време и кои се покажаа успешни во работењето посебно во Секторот за програмски работи со учество во поголем број на изборни циклуси, да се трансформира нивниот работен однос од вработени на определено време во неопределено. Со оглед на фактот дека во Агенцијата од 2014 година нема реализирано ниедно ново вработување, а и во меѓувреме многу луѓе заминаа од Агенцијата, неговиот личен став и определба е дека АВМУ треба да се зајакне стручно, да се зголеми професионалниот капацитет и да се намалува бројот на луѓе од техничкиот персонал. Како што може да се забележи и возачот минатата година заминал во пензија и за неговото работно место не се распишува конкурс и додека е тој директор на Агенцијата нема намера да распише конкурс за возач бидејќи смета дека е поважно да се зајакнат стручните капацитети

отколку да се вработува технички персонал. Објасни дека во таа насока е овој предлог и предлогот за следната Точка 5 каде се предлага да се објави конкурс за преведувач во насока на усогласување на Агенцијата со Законот за примена на јазиците.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе даде поддршка на доставениот предлог за четворицата вработени да бидат вработени во Агенцијата од определено во Договор за вработување на неопределено време. Смета дека го заслужуваат тоа и се согласува со она што го навел г-дин Трајчевски дека треба да се зајакнат стручните капацитети на Агенцијата. Претпоставува дека таа пракса ќе се спроведува и во иднина и по цена на зголемување на бројот на вработени односно дека и во другите сектори што се од витално значење на Агенцијата во блиска иднина ќе се отвори можност за други луѓе кои имаат сличен статус како сега предложените и ќе добијат ваква можност затоа што ја заслужуваат. Верува дека овие луѓе се доволно обучени за да може Агенцијата како регулатор да се потпре целосно на нив во извршувањето на работни задачи во доменот кој го обавуваат. На крајот рече дека ќе даде поддршка на предлогот.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата да донесе Решенија за трансформирање на работниот однос на неопределено време на работниците: Димитар Тануров, м-р Теодора Ристовска, Марина Трајкова и Виктор Стојанов и да склучи поединечни Договори за вработување со истите.

За горенаведените Решенија за трансформирање на работен однос на неопределено време, се утврди дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има трајна потреба од наведените работници и за работните места се обезбедени финансиски средства.

Г-дин Петрушевски по гласањето им честита на предложените вработени.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за распишување на јавен оглас за засновање на работен однос и спроведување на постапка за вработување на 1 (еден) извршител, на неопределено време, со предлог-одлука и предлог-јавен оглас. Објасни дека оваа обврска произлегува од Законот за употреба на јазиците и усогласување на Агенцијата со истиот Закон. И во таа насока рече дека се предлага вработување на едно вакво стручно лице.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Одлука за да се распише јавен оглас за засновање на работен однос и да се спроведе постапка за вработување во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Помлад соработник за превод и односи со јавност во Одделението за поддршка на работата на директорот и односи со јавност при Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, 1 (еден) извршител, на неопределено време, преку објавување јавен оглас во дневниот печат.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Јавниот оглас кој е составен дел на горенаведената одлука да ја објави во 2 (два) дневни весника, и тоа: 1 (еден) дневен весник што се издава на македонски јазик и 1 (еден) дневен весник што се издава на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат

службен јазик различен од македонскиот јазик, на товар на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како работодавач.

**Точка 6 и 7**

Г-дин Петрушевски предложи за точките 6 и 7 да се даде едно заедничко објаснување затоа што станува збор за прекршување на ист член од Законот а потоа истите да се гласаат секоја посебно.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ги образложи предлозите за изрекување мерка на АЛТРА-САТ 2000 од Охрид и на ПЕТ НЕТ од Гевгелија за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека се работи за редовен програмски надзор спроведен на 20 април 2021 година. Со него е констатирано дека АЛТРА-САТ 2000 од Охрид го реемитува програмскиот сервис „Алсат М“ без претходно да го регистрира во Агенцијата и операторот ПЕТ НЕТ ДОО од Гевгелија го реемитува програмскиот сервис „Da Vinci“ кој исто така не е опфатен со потврдите за регистрација. Бидејќи ова претставува прекршување на член 141 од ЗААВМУ се предлага да им се изрече јавна опомена.

*<u>гласање по Точка 6</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-1725/1 од 23.04.2021 година и едногласно заклучи на операторот Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА-САТ 2000 од Охрид да му изрече марка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА-САТ 2000 од Охрид , кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на општина Охрид, за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „Алсат М“ кој не е опфатен со потврдите за регистрација на програмските сервиси издадени од АВМУ, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>гласање по Точка 7</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-1726/1 од 23.04.2021 година и едногласно заклучи на операторот Друштво за телекомуникации ПЕТ НЕТ ДОО од Гевгелија да му изрече марка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со

точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за телекомуникации ПЕТ НЕТ ДОО од Гевгелија, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на општина Гевгелија, за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „Da Vinci" кој не е опфатен со потврдите за регистрација на програмските сервиси издадени од АВМУ, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-1741/9**
**18.05.2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**